РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-7319/4 (2022)
10-02-2023 г./v.

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 81-та седница одржана на 03.02.2023 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-7319 од 26.07.2022 година, оформен по доставена пријава со сомнежи дека АД ----- на РСМ извршила незаконска исплата на средства кон вработена на работното место – програмер за изработка и одржување на нефункционална апликација, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-7319 од 26.07.2022 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 26.07.2022 година, поднесена е пријава за со сомнежи за незаконска исплата на средства на вработена во АД ------- на РСМ и оформен е предмет број 12-7319 од 26.07.2022 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи дека АД ------ на РСМ на својата вработена на работното место програмер извршило исплата на средства за изработка на софтверска апликација за потребите на АД ------, а и дека редовно во текот на подолг период биле вршени исплати и за тековно одржување на апликацијата. Подносителот исто така наведува и дека споменатата софтверска апликација поради неквалитетна изработка не била во употреба околу 7-8 години.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до АД --------- со цел обезбедување документација за сите исплати кои АД Пошта ги извршила кон посоченото вработено лице во периодот од 2012-2022 година.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во законски утврдениот рок, добиена е бараната документација, односно доставена е сметководствена картица за вработената по години, почнувајќи од 2012 година па се до 2022 година.

Од увид може да се констатира дека биле вршени исплати на средства кон посоченото лице по основ на месечни средства за плата како и исплата на бонус врз основа на претходно донесени соодветни решенија, а кои се доставени во прилог. Исплатите на бонусите се вршеле за повеќе лица, како еднократна парична награда и во износи далеку помали од износите наведени во пријавата.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: К.З
Одобрил: К.Н, член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk